У-5 бр.84/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Елмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот СТЕРНА ДОО – Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-1132/15 од 29.12.2020 година, за избор на најповолна понуда, на одржаната јавна усна расправа во присуство на управителот на правното лице СТЕРНА ДОО – Скопје, Зоран Вељановски, полномошникот на тужителот Томислав Николовски адвокат од Скопје, полномошник на тужениот орган Зоран Трајановски, управителот на заинтересирано лице ДПТУ АРЦ ЛТД ДООЕЛ Скопје Александар Соколов и Горан Димитровски – менаџер во друштвото, на 05.03.2021 година донесе, а на 12.03.2021 година ја објави следната:

I

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот СТЕРНА ДОО – Скопје, против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-1132/15 од 29.12.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение бр.08-1132/15 од 29.12.2020 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки делумно ја усвоила жалбата на СТЕРНА ДОО – Скопје (сега тужителот), изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.03-1362/14 од 15.12.2020 година донесена по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.17445/2020 за набавка на стоки – набавка на опрема – ИКТ опрема, резервни делови и галантерија на договорниот орган Секретаријат за европски прашања, како и ја поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.03-1362/14 од 15.12.2020 година (во Делот I) и предметот го вратила на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган.

Незадоволен од ставот 2 од изреката на оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-1132/15 од 29.12.2020 година, како и во делот на одлуката за трошоците во жалбената постапка, тужителот поведе управен

спор со предлог оспореното решение да биде поништено поради повреда на одредбите за постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право.

Во тужбата и на одржаната јавна расправа наведе дека во конкретниот случај понудата на избраниот економски оператор била неприфатлива, од причина што погрешно бил пополнет Образецот на понудата во Делот III – финансиска понуда, односно декларираната вкупна цена од Делот III-1 која се однесувала за Делот II од јавната набавка, не била компатибилна со декларираната вкупна цена од Делот III-2 која се однесувала за Делот II од јавната набавка, но и дополни дека понудените цени на избраниот понудувач во Образецот – понуда не биле искажани со зборови. Понатаму наведе дека избраниот понудувач кон својата понуда, не доставил и техничка понуда коај претставува услов за понатамошна евалуација на пристигнатите понуди, односно во отсуство на техничка понуда не може да се утврди дали одредена понуда е прифатлива или не, така што доставените каталози од страна на избраниот понудувач кон понудата, не можат да бидат третирани како техничка понуда, бидејќи не се составен дел од образецот на понудата, што значи дека договорниот орган како најповолна ја избира онаа понуда врз основа на доставените техничка и финансиска понуда. Наведе и дека понудениот „мултифункциски ласерски принтер А3 формат – црно-бела боја", не одговара со техничките спецификации наведени во точката 2.1 во поглед на duty cycle на месечно ниво, односно договорниот орган барал апарат со можност од минимум 300.000 страни месечно, додека избраниот понудувач понудил апарат со капацитет од минимум 250.000 страни месечно. Исто така наведе дека понудата на избраниот понудувач во Делот II, имајќи ја предвид понудената вкупна цена без ДДВ, како и износот на одделно пресметаниот ДДВ, не содржи тонери и касети за хартија т.е. избраниот понудувач не понудил дополнителни оригинални тонери и допонителни касети за хартија, од причина што искажаната вкупна цена без ДДВ за Делот II изнесувала 1.484.000,00 денари, додека пресметаниот ДДВ изнесувал 74.200,00 денари – пресметан по повластена стапка од 5%, односно мултифункционалните апарати кои се предмет на набавка во Делот II, се предмет на оданочување со ДДВ по стапка од 5%, додека дополнителната опрема се оданочува со стапка од 18%, што доведува до заклучок дека понудата на избраниот понудувач не содржи дополнителна опрема. На крај истакна и дека тужениот орган не одлучил законски во поглед на трошоците на жалбената постапка, имајќи го предвид резултатот од жалбената постапка т.е. процентот на успех на тужителот, бидејќи трошоците не ги одмерил согласно членот 166 став 6 од Законот за јавните набавки, односно наместо секоја од странките да ги сноси сопствените трошоци, истиот требал пропорционално да ги подели. Полномошникот на тужителот побара трошоци и тоа за судска такса за тужба, такса за одлука и трошоци за застапувањето на одржаната расправа согласно АТ тарифа зголемени по основ на решение за ДДВ обврзник.

Во одговор на тужбата и на одржаната јавна расправа тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка за избор на најповолна понуда.Предложи тужбата на тужителот да се одбие како неоснована.

Економскиот оператор т.е. избраниот понудувач како заинтересирано лице АРЦ ЛТД ДООЕЛ – Скопје во својот одговор на тужба, како и на одржаната јавна расправа наведе дека наводите кои се однесуваат на погрешно пополнет образец

на понуда, како и на неподнесување на технички спецификации како дел од понудата, истите се неосновани, бидејќи тој како учесник во конкретната постапка Образецот на понудата уредно го пополнил на начин каков што е предвиден во образецот и во Тендерската документација и кој истата приложил и каталози со бараните карактеристики на апаратите кои ги понудил согласно техничката спецификација како дел од Тендерската документација. По однос на тужбените наводи со кои тужителот укажува дека понудил несоодветен апарат од Делот II – точка 2.1, бидејќи не одговарал со техничките спецификации наведени во точката 2.1 во поглед на duty cycle на месечно ниво, истакна дека понудениот апарат XEROX AltaLinks B8155 по однос на оваа карактеристика бил со капацитет од минимум 300.000 страни месечно – колку се барало и во техничките спецификации во точката 2.1, за што како доказ приложи и каталог, но и увид во официјален web сајт на производителот. По однос на дополнителната опрема, односно дали во вкупната цена без ДДВ влегува испорака на мултифункционалните апарати заедно со дополнителна опрема или без неа, имајќи ја предвид стапката на оданочување со ДДВ, истакна и дека понудениот апарат од точката 2.1 нема потреба од дополнителни фиоки за да го задоволи техничкото барање и со секој принтер добавувачот испорачува ОЕМ тонери како еден пакет, а согласно предметот на јавната набавка – купување на пакет опрема со потрошен материјал со цел да се добие подобра цена (пакет), па согласно Законот за јавните набавки при спроведување на електронската аукција и негативното наддавање во поглед на цената, секој понудувач е рамноправен. По однос на стапката на оданочување со ДДВ, односно имајќи ја предвид понудената вкупна цена без ДДВ, како и износот на одделно пресметаниот ДДВ кој се однесува на цел пакет т.е. на апаратите и на дополнителната опрема, наведе и дека иако стапката на оданочување со ДДВ на апаратите согласно Законот за данокот на додадена вредност е 5%, додека на дополнителната опрема (потрошен материјал) е 18%, па согласно членот 8 став 1 од Законот за данокот на додадена вредност бидејќи основниот промет (апаратите) е дополнет со промет на друго добро како спореден промет (потрошниот материјал), целокупниот промет ќе се смета како промет на добра и со тоа ќе биде оданочен по повластена стапка од 5%. Предложи на Судот тужбата на тужителот да ја одбие како неоснована.

Јавната расправа закажана за 05.03.2021 година е одржана во присуство на управителот на правното лице СТЕРНА ДОО – Скопје, Зоран Вељановски, полномошникот на тужителот, полномошник на тужениот орган, управител на заинтересирано лице ДПТУ АРЦ ЛТД ДООЕЛ Скопје - Александар Соколов и Горан Димитровски – менаџер на во друштвото, а согласно членот 40 од Законот за управните спорови.

Во доказната постапка Судот на главната расправа ги изведе следните докази: Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-1132/15 од 29.12.2020 година, Одговор на тужба од заинтересирано лице АРЦ ЛТД ДОО – Скопје примен во Судот на 08.02.2021 година, Образец – Понуда на тужителот СТЕРНА ДОО – Скопје, Образец – понуда на АРЦ ЛТД ДОО – Скопје, Целокупната документација по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.17445/2020 за набавка на стоки – набавка на опрема – ИКТ опрема, резервни делови и галантерија на договорниот орган Секретаријат за европски прашања, како и списите во предметот доставени со Одговор на тужба БР.08-178/2 ОД 16.02.2021 година примен во судот на 22.02.2021 година.со приложените списи, Оглас за јавна набавка бр.17445/2020, Тендерска документација за поедноставена постапка, за

набавка на опрема, ИКТ- опрема резервни делови и галантерија, Техничка спецификација, образец од Записиник од отварање на понудите, Понуда на АРЦ РТД ДОООЕЛ Скопје, Понуда на Стерна ДОО Скопје, Извештај бр.03-1362/13 од 11.012.2020 година, Договор за набавка на опрема за дел 2 мултифункциски скенери бр.03-9/7 од 14.01.2021 година, Известување за склучен договор, Одлуката за избор на на поволна понуда бр.03-1362/14 од 15.12.2020 година, како и претходно извршениот Увид во електронскиот систем за јавни набавки во досие за предметната јавна набавка .

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Секретаријат за европски прашања спровел постапка за јавна набавка со објавен Оглас за јавна набавка со поедноставена Отворена постапка бр.17445/2020 за набавка на стоки – набавка на опрема – ИКТ опрема, резервни делови и галантерија, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.03-1362/1 од 20.11.2020 година. Набавката била делива на два дела и тоа: Дел 1 – персонални компјутери, лаптопи и галантерија и Дел 2 – мултифункционални уреди и скенери, а постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и во Службен весник на РМ и истата се спроведувала со користење на електронски средства преку ЕСЈН и било предвидено да заврши со спроведување на Е – Аукција како последна фаза на постапката, во која како критериум за избор била предвидена економски најповолната понуда врз основа на цената, а од понудувачите било побарано да достават документ за регистрирана дејност, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 5%. Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите – 07.12.2020 година пристигнале вкупно три понуди кои биле отворени од страна на Комисијата при договорниот орган, за што бил составен и Записник од отварањето на понудите бр.03-1362/9 од 07.12.2020 година, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите Комисијата утвдила дека останала само една прифатлива понуда поради што не биле исполнети условите за одржување на електронска аукција, така што врз основа на Извештајот од спроведена постапка бр.03-1362/12 од 11.12.2020 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог до одговорното лице на договорниот орган како најповолна понуда за двата дела да биде избрана понудата на економскиот оператор АРЦ ЛТД ДООЕЛ – Скопје, по што ваквиот предлог бил прифатен и била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.03-1362/14 од 15.12.2020 година.

Против оваа одлука, тужителот поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.08-1132/15 од 29.12.2020 година делумно ја уважила и ја поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.03-1362/14 од 15.12.2020 година (во Делот I) и предметот го вратила на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган, со образложение дека договорниот орган при евалуација на понудите и изборот на најповолна понуда за

Делот 1 постапил спротивно на одредбите од Законот за јавните набавки сторувајќи повреда на членот 141 став 2 точка 3 в.в. член 109 од Законот за јавните набавки. Имено договорниот орган спротивно на членот 109 став 4 од Законот за јавните набавки, во фазата на евалуација на понудите, побарал од сега избраниот понудувач дополнително да достави брошури од производителот на понудените производи иако согласно техничките спецификации како дел од Тендерската документација било пропишано задолжително испорачување на оригинални брошури кон понудата со точни спецификации и јасно назначени карактеристики за производите кои се нудат со понудата. Од друга страна пак, тужениот орган не ги прифатил жалбените наводи кои се однесуваат на фазата на евалуација на доставените понуди за Делот 2, поточно забелешките по однос на доставениот Образец на понуда на избраниот понудувач, како и прифатливоста на понудените производи согласно техничките спецификации. Имено било констатирано дека избраниот понудувач финансиската понуда за Делот 2 ја изготвил и поднел согласно пропишаниот Образец на понуда како дел од Тендерската документација, додека техничката понуда ја изготвил согласно барањата и критериумите наведени во техничките спецификации кон која приложил и соодветни брошури на начин баран согласно техничките спецификации со кои ги докажал исполнетоста на техничките услови и карактеристики на понудените производи.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 109 став 7 в.в. став 6 од Законот за јавните набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација, така што неприфатливите понуди нема да бидат евалуирани.

Согласно членот 105 став 1 од Законот за јавните набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога со оспореното решение ја

одбил како неоснована жалбата на тужителот по однос на Делот 2 од предметната јавна набавка, со образложение дека понудата на избраниот понудувач, како во финансискиот дел, така и во поглед на техничките спецификации за понудените производи, била во согласност со наведените услови и критериуми од Тендерската документација и техничките спецификации како дел од истата.

Горе наведеното како резултат на фактот што имајќи ја предвид целокупната документација по Огласот за јавна набавка со поедноставена Отворена постапка бр.17445/2020 за набавка на стоки – набавка на опрема – ИКТ опрема, резервни делови и галантерија, како и поднесените понуди на тужителот СТЕРНА ДОО – Скопје и избраниот понудувач за Делот 2 – АРЦ ЛТД ДООЕЛ – Скопје, Судот констатира дека избраниот понудувач понудата за Делот 2 ја доставил согласно Образецот на понуда како дел од Тендерската документација, односно финансискиот дел од понудата го формулирал согласно приложениот Образец на понудата, исто како што направил и тужителот со својата понуда, додека пак во поглед на понудената вкупна цена за понудениот пакет опрема со потрошен материјал за Делот 2 утврди дека во истата влегува како опремата т.е. понудените производи, така и потрошниот материјал во количина барана согласно технчките спецификации, па како таков сет на понуден производ, имајќи ги предвид одредбите од Законот за данокот на додадена вредност во поглед на даночниот третман на прометот на сложени производи (пакет производи) кои се состојат од главен и споредан дел по однос на примената на даночната стапка, даночната стапка е утврдена врз основ на главниот дел од сложениот производ т.е. целокупниот сложен производ понуден од страна на избраниот понудувач е оданочен – пондериран со повластена даночна стапка од 5% која важи за главниот дел т.е. компјутерската опрема, поради што Судот смета дека финансискиот дел од понудата на избранот понудувач е во согласност со утврдените услови и критериуми во Тендерската документација. Во оваа насока е и фактот што тужителот кон понудата испорачал и оригинални брошури од производителот на опремата со точни спецификации и јасно назначени карактеристики за понудената опрема согласно бараното во Тендерската документација и техничките спецификации, така што тужбениот навод дека избраниот понудувач не доставил дополнителни технички спецификации за понудените производи покрај приложените брошури е неоснован, од причина што тоа и не се барало.

Во делот на техничките спецификации за понудените производи од Делот 2, Судот констатира дека понудениот производ за Делот 2.1 – мултифункциски ласерски принтер А3 формат (црно-бел) ги исполнува техничките карактеристики согласно техничките спецификации во делот на „duty cycle на месечно ниво“, а согласно извршениот увид во приложените брошури, доставените списи на ова околност како и извршената проверка на понудениот модел – Xerox Altalink B8155 на официјалнот web site на производителот – Xerox, од каде јасно произлегува дека за моделот – Xerox Altalink B8155 максималниот капацитет на месечно ниво изнесува 300.000 страни како што е и барано согласно техничките спецификации.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот најде дека тужениот орган правилно ги применил одредбите кои го регулираат начинот на евалуација на поднесените понуди, посебно во делот на финансискиот и технички дел.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, но истите ги одби како неосновани, од причини наведени во обрзложението на оваа одлука.

Судот одлучи како во изреката од решението, односно барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката го одби како неосновано, согласно членот 86 од Законот за управни спорови, имајќи го предвид резултатот од постапката.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на 05.03.2021 година под У-5.бр.84/2021

Записничар - раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави на:
- тужител / и
- тужен орган
- заинтересирано лице

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ВК/